Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 1**

**02.02.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

1.Ја објавувам Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/1 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) а во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19) и член 14 став 1 од Уредбата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определеувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена ("Службен весник на РМ" бр.13/11), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.01.2021 година, донесе

Одлука
За редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности

Член 1
Се донесува одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.

Со стапувањето во сила на Одлуката, започнуваат активностите за ажурирање на Процената, координирани од страна на Подрачното одделение на регионалниот Центар за управување со кризи Демир Хисар.

Член 2
Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/4 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/2 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 129 з и ставовите 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 година, донесе:

Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година, изготвен од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар, кој е составен дел на Одлуката.

Член 2

Годишниот извештај по усвојувањето се доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на понатамошна постапка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/5 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола**

1.Ја објавувам Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/3 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09),член 14 став 1 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар , на седница одржана на 29.01.2021 година, донесе

ОДЛУКА

За продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработкапомеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниотресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општинитеБитола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила - Битола

Член 1

Се продолжува меѓуопштинската соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општинитеБитола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола воспоставена со Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за општинитеБитола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола бр. 17-611/16 од 27.06.2018 година и склучен договор бр. 08-552/5 од 07.02.2019 година и Одлука за продолжување на воспоставенатамеѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетен вид за

општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила – Битола бр. 17-247/7 од 26.02.2020 година и склучен Анекс Договор бр. 12-539/2 од 12.06.2020 годиназаклучно со 31.12.2021 година.

Член 2

За продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука општините ќе склучат меѓусебен Анекс договор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17- 65/6 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и отстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице „Македонски Телеком” АД Скопје, ул„Кеј 13 Ноември” бр.6 Скопје**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност и отстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1) кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице „Македонски Телеком“ АД Скопје, ул „Кеј 13 Ноември“ бр.6 Скопје, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/4 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.03/02,/ 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), Советот на општина Демир Хисар донесува

О Д Л У К А
за давање согласност и отстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице „Македонски Телеком” АД Скопје, ул„Кеј 13 Ноември” бр.6 Скопје.

1. Со оваа Одлука, општина Демир Хисар како правно лице дава согласност да се утврди правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1) кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, на име на правното лице „Македонски Телеком” АД Скопје, ул„Кеј 13 Ноември” бр.6 Скопје.
2. Во постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1) кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, поведена по барање на „Македонски Телеком “АД Скопје, се утврди дека земјиштето на кое е изграден деловниот објект е во сопственост на Општина Демир Хисар и е запишано во имотен лист бр.1027.
3. Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправни објекти (Сл.весник на РМ бр.155/2012), доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија потребна е согласност од физичкото или правното лице во чија сопственост е земјиштето со цел да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните

книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/7 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на Благоја Шундовски**

1.Ја објавувам Одлуката за доделување на финансиски средства на Благоја Шундовски од Демир Хисар, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/5 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/2002) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02), Расправајќи по барањењто бр.17-1094/1 од 14.12.2020 година, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на финансиски средства на Благоја Шундовски

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на Благоја Шундовски-автор на монографска публикација „БИСЕРНИ ГОДИНИ-ЕСТРАДНИ МАКИ ГОЛЕМИ“ , во износ од 70.000,00 денари.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година , а ќе се користат за издавање на монографската публикација „ БИСЕРНИ ГОДИНИ-ЕСТРАДНИ МАКИ ГОЛЕМИ“ посветена на 40 годишнината опстојба на Групата „Бисер“.

Средства се финансика подршка за покривање на дел од трошоците за печатење на книгата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/8 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на Методија Јаковлевски**

1.Ја објавувам Одлуката за доделување на финансиски средства на Методија Јаковлевски од Демир Хисар, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/6 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/2002) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02), Расправајќи по барањето бр.17-7/2 од 08.01.2021 година, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на финансиски средства на Методија Јаковлевски

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на Методија Јаковлевски од Демир Хисар во износ од 120.000,00 денари.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година , а се наменети за финансиска помош на Матодија Јаковлевски за покривање на дел од трошоците за лекување поради влошената здравствена состојба од КОВИД 19.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/9 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на ОО на СБМ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за доделување на финансиски средства на ОО на СБМ Демир Хисар, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/7 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/2002) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02), Расправајќи по барањето бр.12-53/2 од 18.01.2021 година, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на финансиски средства на ОО на СБМ Демир Хисар

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на ОО на СБМ Демир Хисар во износ од 30.000,00 денари.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџет на општина Демир Хисар за 2021 година, а се наменети за реализирње на програмските активности на Општинскиот одбор на сојузот на здруженија на борците од НОВ Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 65/10 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество**

**за реализација на проектот "Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар"**, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-115/8 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар"**.

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 18.321.953,00 денари. Се планира реализацијата на проектот да биде со финансиска поддршка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во износ до 16.489.758,00 денари (до 90%), а сопственото учество на Општина Демир Хисар да биде во износ до 1.832.195,00 денари (до 10%).

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Програмата за управување со водите за 2021 година донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17- 65/ 11 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект - викендичка (зграда 1) во идната планска документација, на КП бр. 774, КО Суводол по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Љупчо Ѓорѓиовски од с. Суводол, Демир Хисар, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-112/9 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 155/2012), член 1 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска

документација (Сл. Весник на РМ бр. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден објект - викендичка (зграда 1) во идната планска документација, на КП бр. 774, КО Суводол по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Љупчо Ѓорѓиовски од с. Суводол, Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17- 65/ 12 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект - деловен објект (зграда 1) во идната планска документација, на КП бр. 2452, КО Жван по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на ЈЗУ Здравствен Дом Демир Хисар, донесена на 47-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 112/10 Општина Демир Хисар
02.02.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 155/2012), член 1 став 2 од Измените и дополнувањата на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бр. 162/2012), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2021 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден објект - деловен објект (зграда 1) во идната планска документација, на КП бр. 2452, КО Жван по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на ЈЗУ Здравствен Дом Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17- 65/ 13 Совет на Општина Демир Хисар
29. 01.2021 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

-----------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности-------------------------------1

2. Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до

информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2020 година----------------------------------1-2
3.Одлука за продолжување на воспоставувената меѓуопштинска соработка помеѓу општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Могила и Новаци за учество во финансирањето на Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица со оштетн вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола-----------------------------------------------------2-3
4.Одлука за давање согласност и отсстапување на правото на утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-деловен објект (Зграда 1)кој се наоѓа на КП бр.4557 за КО Сопотница, од страна на Општина Демир Хисар во корист на правното лице „Македонски Телеком" АД Скопје, ул„Кеј 13 Ноември" бр.6 Скопје---------------------------------3-4
5.Одлука за доделување на финансиски средства на Благоја Шундовски--------------------------------------4
6.Одлука за доделување на финансиски средства на Методија Јаковлевски----------------------------------5
7.Одлука за доделување на финансиски средства на ОО на СБМ Демир Хисар----------------------------5-6
8. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект „Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, општина Демир Хисар
9. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 774 КО Суводол, по барање на Љупчо Ѓорѓиовски од Суводол, Демир Хисар----------------6
10. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП.бр.2452, КО Жван по барање на ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар----------------------6-7

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска б.б**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**